ИЗЛОЖБИ

# Чисто, јасно и едноставно

Tweet
Like 0 Share
13 февруари 2009 - 16:05

Кон изложбата на Драган Петковиќ (1952-2004) во Музејот на современата уметност во Скопје



Изложбената активност, која се форсира во последно време има намален интензитет. Од постојани поставки (базирани на сосема ограничена вредност на колекциите) единствено е отворена онаа во Националната галерија, иако необмислена и анахрона по својата содржина.

Во Музејот на современата уметност во Скопје е отворена ретроспективната изложба на Драган Петковиќ, чиј живот беше неочекувано прекинат. Тој зад себе остави дело до заокружени белези, не толку бројно колку што го нагласува јасниот концепт, мирната развојна линија со повремени навраќања на некој претходен резултат и определеноста за тивкото умерено крило на апстракцијата. Всушност, станува збор за еден сообразен пример на сликарството на обоеното поле, сликарскиот минимализам или монохромијата, промовирани од американските сликари кон крајот на 50-тите и во 60-тите години и во дел од југословенската и македонската уметност во скулптурите - објекти на Грабулоски и во сликарството на Калчевски. Зад нивните ликовни дела стои и теоретска поткрепа. Можам да кажам дека Петковиќ во 80-тите години имаше тетратка со белешки за бојата, по завршувањето на Ликовната академија во Љубљана кај Јанез

Берник, сликар експресионист. Сликите на Петковиќ од втората половина 70-тите години јасно го навестуваат неговото определување за монохром, излагани на ѕид или како просторни решенија (во 1982, 1986 и најновите дела). За Ив Клајн "сината била олицетворение на единство, спокој и врвен симбол на нематеријалното суверено ослободување на духот". Петковиќ се задоволувал со рамно површинско распоредување на бојата со крајно редуцирани фрагментирани "импресии од природата". На површината на платното се наоѓа средиштето околу кое ги организира своите педантно положени нијансирани тонови на црвена, сина, бела или црна боја насловени "Фуриозо", "Брутално црвено", "Без наслов" од 1987 година, потоа "Астазија" од 1989-1993, "Експанзија" од 1993-1994 се до најновите платна изработени по 200 година кои ги поставуваше во простор на монохромно обоено платно.

Циклусот обликувани "слики" на ѕид "Радоста на живеењето" од 1985-1987 година на редуциран и декоративен начин го евоцираат сликарскиот танц на Матис, кој давал посебно значење на цртежот и широко обоените површини.

Петковиќ, кој е сликар на контролиран гест, структурата и функцијата на бојата во 1994-1997 година наслика серија слики и цртежи според провокативното платно "Потеклото на светот" од Курбе. Станува збор за различно поставена издолжена линеарна елипсовидна форма поставена на мирна различно обоена основа, ослободена од секаква сетилна асоцијативност (Е. Кели, Шемов).

Циклусот платна "Дијалог со Моне" (1999-2001) го потврдува неговиот редуциран концептуален приод во обработката на еден мотив, како и интересот за поедноставен пиктурален знак, од Рајнхард и Њумен, до Рајман и Олицки.

Делата на Петковиќ во 80-тите години и подоцна беа претставувани заедно со делата на С. Шемов, П. Николоски, Г. Стефанов, Б. Маневски и Ј. Шумковски на повеќе југословенски изложби, како едно издвоено истражување. Чисто, јасно и едноставно ништо повеќе.
Следиме единствено варијации на поконкретни асоцијации на знаковни структури или апстрактност на стилските решенија.

***Владимир ВЕЛИЧКОВСКИ***



Like Share Sign Up to see what your friends like.

# Поврзани



[**Фантазиите за кои копнеат не можат да се најдат ниту во најлудите соништа**]



[**Презадоволни сме, во Шпанија лош спот не можеш да направиш!**]